**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Бр. 03-818/2 од
05-08- 2016 година

Министерство за
локална самоуправа

Државен инспекторат за
локална самоуправа

Св Кирил и Методиј 54,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3253 941
Факс: (02) 3253 920
Е-пошта:
Сајт: www.mls.gov.mk

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2016-2018 НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Јули,2016

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Државниот инспекторат за локална самоуправа продолжува со континуираните заложби да го подигне нивото на општинската администрација и нејзиното професионално работење во полето на носење на одлуки и решенија во согласност со законите и соодветните надлежности.

Во секое демократско општество граѓаните очекуваат компетентна, професионална, ефикасна, одговорна и сервисно ориентирана државна и јавна администрација.

Со цел да ги исполниме очекувањата на граѓаните и правните субјекти континуирано продолжуваме со контролата над работењето на општините во доменот на нашите надлежности.

Овие активности се суштествени преку развојот на секоја од општините за целокупниот развој на Република Македонија.

Со активностите кои ги преземаме влијаеме и на деполитизирање на општинската администрација, подигнување на ефикасноста и квалитетот на овој сектор во служба на граѓаните, бизнис заедницата и на инвеститорите, како и искоренување на корупцијата од свеста на секој поединец. За да го постигнеме сето ова потребен е индивидуален труд и заложби, колективна свест и тимска работа.

Впрочем, тоа е предуслов за функционирање на државата - институционална стабилност, административни и професионални капацитети во сите сфери на системот,како и професионална и социјална вклученост.

Приоритетите и целите кои ги утврдивме се во целосна корелација Со Програмата за работа на Владата и утврдените стратешки приоритети на Владата за 2016 година како и законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10).

Во стратешкиот план за периодот кој претстои ги идентификувавме најосновните приоритети и задачи, одговорните субјекти задолжени за реализација на мерките и активностите, ја утврдивме временската рамка и наспроти очекуваните резултати утврдивме индикатори за успешност кои треба да ни помогнат во следењето на спроведувањето на предвидените предвидените мерки и активности.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

# Мисија

Основната мисија на Државниот инспекторат за локална самоуправа е да се обезбеди поефективен, поефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и за унапредување на нивната законитост.
Во таа смисла предмет на надзор е надзор над законитоста на прописите на општините а надзорот над законитоста на прописите на општините го опфаќа и надзорот над постапката за нивно донесување.

# Визија

Ефикасна, еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во работењето на општините што претставува и појдовна основа за развиено современо општество и сервисно ориентирана администрација во служба на граѓаните и бизнис заедницата.

# Специфичност

Државниот инспекторат за локална самоуправа е основната надлежна институција чиј предмет на надзор е надзор над законитоста на прописите на општините а надзорот над законитоста на прописите на општините го опфаќа и надзорот над постапката за нивно донесување.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

# ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Со стекнувањето на статус на правно лице од 01.06.2014 година и покрај капацитетот со кој располага инспекторатот а кој е крајно ограничен во поглед на кадровската екипираност, Државниот инспекторат продолжува со имплементирање на обврските кои произлегуваат од претходно донесениот закон за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10) и со кој се уредуваат надлежноста и организацијата на Државниот инспекторат за локална самоуправа, видовите и постапката за вршењето инспекциски надзор,овластувањата на инспекторите, соработката со органите на државната управа, граѓаните и други физички и правни лица.

Задачите и обврските на ДИЛС се во рамките на:

1. Континуиран инспекциски надзор, кој се врши преку проверка на одлуките на советите на општините кои ке бидат доставени од општините до Државниот инспекторат за локална самоуправа а во согласност со законската обврска на општините да ги доставуваат донесените одлуки и прописи до Државниот инспекторат за локална самоуправа редовно, односно во рок од 10 дена од нивното донесување.

2. Вонредни инспекциски надзори на работата на советите на општините по пат на ненајавена посета. ДИЛС планира да врши вонреден инспекциски надзор во осум општини во текот на секој месец согласно месечните планови како би се опфатиле и исконтролирале сите 85 единици на локалната самоуправа во текот на тековната календарска година.

Секој инспектор ке врши надзор на општините кои се во состав на регионите за кои тој е одговорен.

Секој инспектор е должен да обезбеди еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи согласно обврските од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10) кој претставува и појдовна основа за подготовка на овој план.

3. Инспекторатот и понатаму ќе постапува и по сите претставки од страна на граѓаните и институциите што доаѓаат до него. Доколку Инспекторатот оцени дека некои одлуки донесени од страна на советот на единицата за локална самоуправа не се во согласност со законската регулатива ќе се донесе решение за запирање и ќе се поведе постапка пред Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста на одлуката согласно уставот на РМ.Претставките од граѓаните,како и записниците од редовните и вонредни надзори се достапни на увид во секое време

## Предложени индикатори на остварување или мерки за вреднување на резултатите во 2017 година:

-Извршени редовни надзори
-Извршени вонредни надзори
-Постапувања по претставки

## Аутпут индикатор и Дефиниција на индикаторот:

Вкупниот број на сите три горенаведени индикатори за конкретната година е показател за успешноста на резултатите.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Објаснување/Важност:

Бројот на реализирани надзори и постапувања по претставки ја дава сликата за покриеноста на општините во смисла на контрола над нивното работење во доменот на законитоста на нивните прописи.

Аутпут индикаторот по одделни години:

| | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Извршени редовни надзори | 1800 | 2000 | 2000 |
| Извршени вонредни надзори | 80 | 100 | 80 |
| Постапувања по претставки | 50 | 60 | 60 |

Покрај основните и приоритетни задачи, ДИЛС кои претставуваат воедно и стратешки приоритети, самата институција како цел во периодот 2016-2018 година си ги постави следните задачи кои се однесуваат на самата институција и кои би довеле до поефикасното функционирање на истата:

1. Во поглед на стручното оспособување на инспекторите во ДИЛС неопходна е нивна обука и запознавање со искуства на сродни инспекторати како во Европската Унија така и во поблиското соседство, така што ќе се искористи секоја можност доколку таква постои за нивно дополнително усовршување.

Во предходните години имаше проекти од страна на ОБСЕ кои беа реализирани со наше учество а во контекст на обука на овластените лица во ЕЛС за изготвувањето на службените гласници.Оваа програма се покажа како исклучително успешна со оглед на неспорниот факт дека скоро сите општини навремено и целосно ги почитуваат законските обврски кои произлегуваат од законот за ДИЛС, токму затоа ќе се направат напори повторно да бидат организирани слични работилници со соодветна тематика наменета како за стручните служби во ЕЛС така и пред се за инспекторскиот кадар во ДИЛС

2. Од големо значење за нормалното функционирање на ДИЛС е решавање на проблемот со кадровската неекипираност и реорганизација внатре во самата институција. Во зададениот период во план е доекипирање на институцијата и комплетно реорганизирање и ново систематизирање на самата институција што ќе резултира не само со носење на нови акти за систематизација и внатрешна организација согласно законските измени туку и ќе се преземат конкретни активности за пополнување на работните места кои се од круцијална важност за функционирањето на институцијата во целост.

За таа цел ДИЛС како посебен акт ја изготви Фукционалната анализа на внатрешната организација на Државниот инспекторатб за локална самоуправа.
Со оваа анализа се утврдува основата на внатрешната организација на Државниот инспекторат за локална самоуправа како орган во состав на Министерството за локална самоуправа со својство на правно лице, видовите и бројот на организационите единици, нивниот делокруг, одговорност и меѓусебни односи, во согласност со потребите и надлежностите на органот.
Организационите единици се формирани согласно работите и задачите а се групираат според видот, обемот,

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за локална самоуправа**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

сложеноста, нивната меѓусебна поврзаност и другите карактеристики на работите и задачите, видот и степенот на стручната подготовка и другите услови потребни за нивното извршување а се исто така во согласност со надлежностите кои произлегуваат од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Цел на оваа анализа е да се поставaт основите за внатрешната организација на Инспекторатот за да се обезбеди законито, стручно, ефикасно и економично вршење на работите и задачите утврдено со закон, други прописи и акти; насоченост кон корисниците на услугите; независност и одговорност при вршењето на службените задачи; еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици; делегирање на овластувања и меѓусекторска координација.

Во одредениот период 2016-2018 се планира екипирање на кадар за пополнување на организациските единици предвидени во фукционалната анализа. Работните места кои ке се формираат во состав на организациските еднициници ке претставуваат основен минимум за непреченото и нормално функционирање на институцијата и истите ке се пополнуваат постепено во согласност со приоритетите, актуелните и тековните задачи на Државниот инспекторат за локална самоуправа

.

**Директор,**

**Ванчо Шехтански**